Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 02.02.2022

На 01.02.2022 во 20.05 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Л.М.(27) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со претходно издадена судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и 31 куршум. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2022 околу 13.00 часот полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 63-годишниот С.Б. од гостиварско Дебрешо. Тој претходно одвел повеќе предмети од трговски објект на улица „Никола Параљунов" во Гостивар, сопственост на А.А.(50) од Гостивар. Украдените предмети се одземени и вратени на сопственикот, додека по документирање на случајот против С.Б. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Регионалниот центар за гранични работи југ поднесе кривична пријава против А.Д.(40) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". Имено, на 28.01.2022 во 06.05 часот на регионалниот пат Валандово-Струмица „А.Д. со патничко моторно возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, во кое превезувал девет лица – мигранти од Сирија, излетал од коловозот, по што го напуштил местото на незгода во кој еден од мигрантите се здобил со телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Гевгелија. По преземени мерки, на 01.02.2022 во 00.00 часот на регионалниот пат Гевгелија - Велес, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода приведениот А.Д.. Од судија на претходна постапка на него му е одреден притвор во траење од 30 дена.

На 02.02.2022 околу 01.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 27-годишниот гостиварец В.Ф., поради сомнение дека претходно извршил кривично дело. Според пријавното, тој измислувајќи лажна приказна побарал од 23-годишниот Т.В. од тетовска Мала Речица со возило да го превезе до Гостивар и му одзел личен предмет во кој имало и документи. Украденот предмет бил пронајден и вратен на сопственикот Т.В.. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.02.2022 во периодот од 20.30 до 22.30 часот, полициски службеници од Полициската станица за безбедност во патниот сообраќај Струмица извршиле контрола во автобус, со струмички регистарски ознаки, сопственост на правно лице од Струмица и три патнички возила со струмички регистарски ознаки. При контролата во автобусот на бул.„Гоце Делчев" во Струмица, управуван од Н.Б.(37) од с.Велуса, струмичко, било утврдено дека врши јавен превоз на патници без соодветна документација. Исто така, биле затекнати и повеќе патници од дозволениот број на патници кои може да се превезуваат. Додека, при контрола на патничките возила на магистралниот пат Струмица – Радовиш било утврдено дека лицата Н.В.(27) од Струмица, А.Д.(38) од с.Дабиле, струмичко и И.Џ.(42) од Струмица со возилата вршат јавен превоз на патници без соодветна документација. За настаните биле запознаени Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица и сообраќаен инспектор од општина Струмица. По целосно документирање на случаите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 01.02.2022 во 21.40 часот од страна на полициска службеници од Полициска станица за граничен премин „Табановце" при Регионалниот центар за гранични работи Север била извршена контрола на патничко возило „мерцедес" со струмички регистарски ознаки, управувано од И.Љ.(24) од Гевгелија. При контролата било констатирано дека возилото врши меѓународен превоз на патници без соодветна документација. Од страна на Државниот инспекторат за транспорт изречени се соодветни санкции за возилото.

На 01.02.2022 во 16.10 часот во Градски парк Скопје, подрачје на Центар, полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.А.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 9 прекршоци, од кои 7 во населено место и 2 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 09.00 до 14.00 часот спроведена е акциска контрола на возачи кои не почитуваат првенство на минување на пешаци. Притоа биле откриени и санкционирани 3 прекршоци. Санкционирани биле и 17 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, по 1 за нерегистрирано возило, за управување возило под дејство на алкохол, за некорисетење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 3 за непропишо паркирање.

На 01.02.2022 во ОВР Прилеп било пријавено дека во с.Присад, прилепско, била пронајдена неексплодирана артилериска граната калибар 105 мм од Првата светска војна. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола гранатата била безбедно подигната. Увид бил извршен.

На 01.02.2022 во ОВР Ресен, раководителот на Дирекцијата за заштита и спасување Ресен пријавил дека од место викано „Чертикамен", во туристичка населба Отешево, била пронајдена артилериска граната калибар 75мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од нивна страна. Увид бил извршен.

На 01.02.2022 во 15.45 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека на регионалниот пат Берово-Делчево, во атар на с.Смијнирово, патничко моторно возило „ауди", со беровски регистарски ознаки, управувано од В.С.(55) од с.Смојнирово, изгубило контрола и излетало од коловозот. Во незгодата се тешки телесни повреди се здобила В.С., констатирани во Здравствен дом Берово. Увид извршила екипа од Полициската станица Берово.

На 01.02.2022 во 12.20 часот во Полициска станица Центар, Д.С.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„23 Октомври" бил каснат од куче скитник.

На 01.02.2022 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(33) од Скопје. Тој бил баран поради сомнение дека на ул.„Борка Талески" извршил кражба од возило на фирма, кое го управувал Х.Р. од Скопје. Украдените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против М.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.02.2022 во 19.00 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го привеле К.А.(30) од Украина, затоа што во 17.30 часот во хостел на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање, физички го нападнал сопственикот Б.С.(64) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 6 и член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 01.02.2022 во 09.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" со тешка телесна повреда бил донесен Б.З.(29) од Куманово. Во службен разговор со полициски службеници тој изјавил дека се повредил околу 08.00 часот, додека извршувал работни задачи во фирма во индустриска зона Илинден. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и за настанот бил запознаен Трудов инспектор.

На 01.02.2022 во 15.42 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ордан Чопела" настанал пожар во куќа сопственост на Г.М.(69) и објект кој се користел како магацин, сопственост на Л.Р.(44). Пожарот бил изгаснат од екипи на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 01.02.2022 во СВР Скопје, И.Ј.(41) од Скопје пријавил дека околу 21.45 часот на ул. „Мацари" неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје до Основното јавно обвинителство во Скопје поднесе кривични пријави против А.Г.(30), К.С.(25), Ј.Б.(21), А.Ф.(25) и М.Г.(31), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија" по член 206 од Кривичниот законик. На 11.12.2021 пријавените биле затекнати во угостителски објекти без сертификати за вакцинација против Ковид-19 што е спротивно на мерките на Владата за забрана за влез во угостителски објекти на лица без сертификат за вакцинација.

На 01.02.2022 во 14.40 часот во СВР Скопје, Ј.Н.(59) од Скопје пријавил дека околу 14.30 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од З.Т.(44) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 01.02.2022 во 19.30 часот во Полициска станица Центар, С.Д.(70) од Скопје пријавил дека во 18.30 часот на подрачјето на Центар, поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.С.(69) и А.С.(41), двајца од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на лични податоци" и „измама". Б.С., како сопственик на правно лице, во договор со А.С., негов син, со цел да ги избегнат обврските кон невните комунални и банките каде сметките на инвестиционо лице биле блокирани по основ на доспеани долгови, во текот на мај 2021 со лажно прикажување на факти обезбедиле и злоупотребиле лични податоци од оштетениот и го довеле во заблуда да потпише документи со кои сопственоста и обврските кои ги имало правното лице биле пренесени на него.

На 01.02.2022 во 07.42 часот во СВР Скопје било пријавено дека во канал во с.Марино, скопско, бил пронајден починат З.Т.(34) од с.Мралино, скопско. Смрт без траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јвен обвинител телото било дадено на обдукција во Институтот за судска медицина.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Е.А.(29) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.09.2021, од страна на полициски службеници од СВР Куманово кај пријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

На 01.02.2022 во 13.15 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека на 31.01.2022 од Јавна установа за згрижување деца се оддалечил Р.М.(14), кој и претходно во повеќе наврати се оддалечувал од установата и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Регионалниот центар за гранични работи Запад поднесе кривична пријава против К.А.(22), Н.Х.(21), Н.С.(53), тројцата од с.Бродец, тетовско и М.М.(55) од с.Вешала, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа". На 28.12.2021 на Граничен премин „Кафасан" пријавените приложиле фалсификувани ПЦР тестови за Ковид - 19.

На 02.02.2022 во 03.18 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „8 Септември" со повреда бил донесен Џ.А.(38) од с.Сарај, скопско. Во службен разговор со полициски службеници тој изјавил дека околу 01.35 часот во с.Сарај бил физички нападнат со тврди предмети од три лица, од кои едното го познавал. Според пријавеното, едно од лицата со истар предмет му нанело повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против К.Б.(51) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавениот на 27.11.2021 на Граничен премин „Табановце" приложил фалсификуван ПЦР тест за Ковид – 19.

На 01.02.2022 во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ферид Мурат" на подрачјето на Чаир настанал пожар во патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, сопственост на В.М.(60) од с.Копаница, скопско. Повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Љ.С.(32) од с.Копачиндол, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 06.12.2021, пријавениот бил затекнат во угостителски објект во с. Копачондол, општина Желино, без сертификат за вакцинација што е спротивно на мерките на Владата на Република Северна Македонија со цел спречување на ширење на Корона вирусот и заштита на јавното здравје.